ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански“ бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

# - КЛАСА 7 -
# Осигурување на стока во превоз (карго)

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО КОПНЕН ПРЕВОЗ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 7 - ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ПРЕВОЗ (КАРГО)

## ОПШТИ УСЛОВИ
**За осигурување стока во копнен превоз**

### I. ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

(1) По овие Услови се осигурува стока во копнен превоз од загуби и оштетување.
(2) Копнен превоз во смисла на овие Услови се подразбира превоз на стока со железница, со брод или друг пловен објект на реките и другите внатрешни води и камиони.

**Член 2**

(1) Осигурување може да се договори за превоз на стока во домашен и меѓународен превоз.
(2) Под домашен внатрешен превоз се подразбира само оној превоз кај кој отпремната и упатната станица, односно местото на одредиште се наоѓа на територијата на Р. Северна Македонија.
(3) Под меѓународен превоз се подразбира превоз кај кој отпремната станица, односно местото од кое се отпрема стоката е на територијата на една, а упатната станица, односно место на одредиште, на територијата на друга држава.

**Член 3**

(1) Под стока во смисла на овие Услови се смета секоја пратка која е предмет на превозот.
(2) Под стока се сметаат возила и машини кои се превозуваат на сопствени тркала.

### II. ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

**Член 4**

(1) Осигурување може да се договори од основните или сите ризици кои ја загрозуваат стоката за превоз.
(2) Осигурување може да се договори и за ризици кои не се опфатени со осигурување од претходниот став.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## 1. Осигурување против основни ризици

### Член 5

(1) Ако е договорено осигурување од основните ризици, Друштвото на осигуреникот ќе му ја надомести штетата која на стока настанала за време на превозот поради:

1. сообраќајна незгода на превозното средство (судир, удар, превртување, лизнување, паѓање во провалија или вода, рушење на мост, одронување на терен, паѓање на авион, потонување и слично);
2. пожар;
3. елементарни непогоди (земјотрес, гром, невреме, провала на облак, поплава, снежна бура, одронување на брег и земја и сл.);
4. неиспорака, разбојништво, разбојничка кражба или провална кражба;
5. кражба на колети, делумна кражба само кај пакувана стока, кражба или кусок на стоката товарена во растурена (ринфунза) состојба, ако таквата кражба или кусокот е последица на околности наведени во точка 1 - 3 од овој член;
6. грабнување или кражба на превозното средство со стоката што според овие Услови се смета како да е покриена со заврзани и пломбирани покривач - церади, како затворена кола во поглед на ризиците неиспорака, провална кражба и кражба.

(2) Отворена кола (железничка или друга) во смисла на овие Услови.

## 2. Осигурување против сите ризици (Алл рискс)

### Член 6

(1) Ако е договорено осигурување впротив сите транспортни ризициг (Алл рискс), Друштвото на осигуреникот покрај надоместокот за штета која ќе ја претрпи поради опасностите наведени во чл. 5 од овие Услови, ќе му надомести и штета на стоката која ќе настане за време на превоз поради:

1. кршење и оштетување на предмети во разна надворешна амбалажа и предмети кои не бараат пакување;
2. кршење и оштетување на лесно кршлива стока;
3. кинење, кршење и перфорација на надворешна амбалажа со истечување и расипување;
4. вдлабнување, луштење, извиткување и деформирање;
5. истечување и расипување на стока во ринфузна состојба;
6. покиснување, рѓа, оксидација, корозија;
7. допир со друга стока или предмети;
8. угинување животни кое е дојдено поради опасностите наведени во чл. 5, ст. (1), точка 1 - 3 од овие Услови;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

9. кршење нозе кај животни кое доаѓа поради опасностите наведени во чл. 5, ст. (1), точка 1 - 3 од овие Услови;
10. расипување или смрзнување кое е дојдено поради вонредни надворешни околности;
11. кражба на стоката;
12. други вонредни надворешни околности.
(2) Ако е договорено осигурување впротив сите транспортни ризициг, Друштвото не е во обврска на осигуреникот да му надомести штета која настанала поради опасности кои по овие Услови претставуваат дополнителни ризици, поради опасности за кои обврската на Друштвото е поделена и ограничена или поради опасности кои не се наведени по овие Услови.

## 3. Дополнителни ризици

### Член 7

(1) Осигурувањето може да се договори и од опасности:
1. одбивање;
2. оштетување етикети од било која причина;
3. кусок-растурање-истекување од било која причина;
4. расипување од било која причина;
5. експлозија од било која причина;
6. осветлување на филмови од било која причина;
7. замрзнување од било која причина;
8. угинување од било која причина;
9. други опасности од кои стоката се осигурува.
(2) Осигурувањето од опасности од претходниот став се врши со посебни услови или услови кои се утврдуваат со договор.
(3) Осигурувањето од опасности од став (1) од овој член може да се договори само ако е договорено и осигурување против сите транспортни ризици (член 6 од овие Услови).

## 4. Изземени ризици

### Член 8

(1) Друштвото не е во обврска, на осигуреникот да му надомести штети кои на осигурената стока ќе настанат поради:
1. опасности поврзани со превоз на стоката на отворени коли;
2. опасности кои ќе настанат поради недостатоци во пакувањето на стоката или поради недоволно пакување на стоката и поради тоа што по својата природа стоката е изложена на загуба или оштетување;
3. опасности поврзани со натовар или истовар, или опасности произлезени од неправилно товарење на стоката која ја товари испраќачот или ја истоварува

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

приемачот;
4. посебни опасности кои настануваат поради потполна или делумна загуба или оштетување на стоката (кршење, рѓање, внатрешно расипување кое настанува само по себе, истечување, сушење, растурање, загуба во тежина и слично), на што стоката е изложена поради своите особини;
5. опасности кои настануваат поради тоа што предметите кои се изземени од превоз или предмети кои на превоз се примаат само под одредени услови - се предадени на превоз со неисправни, неточни или непотполни ознаки, или што испраќачот ги нема превземено пропишаните мерки на претпазливост;
6. опасности на кои се изложени живи животни во превозот;
7. опасности кои лицата што ги следат живите животни или стоката биле должни да ги отстранат;
8. опасности кои ќе настанат на стоката поради недостаток во конструкцијата, поради лошо одржување или неуредно опслужување на уредите на колите кои служат за превоз на стока, а се наоѓаат во управување на самиот осигуреник или лица за кои тој одговара;
9. лоша намера или крајна небрежност на осигуреникот или лица за кои тој одговара;
10. воени и политички ризици.
(2) Ако е тоа посебно договорено, Друштвото, на осигуреникот ќе му надомести штета која на осигурената стока ќе настане поради остварување на некоја од опасностите наведени во претходниот став.

## 5. Траење на осигурувањето

### Член 9

(1) Осигурувањето започнува во моментот кога стоката ќе го мине прагот на складот на испраќачот, а со цел да се започне со превозот и трае додека стоката не го помине прагот на складот на приемачот во местото на одредување, ако поинаку не е договорено.

(2) Стоката останува осигурена и за време на престојот во складот со кое управува превозникот.

(3) Ако превозникот ја предаде стоката во јавен склад поради тоа што постојат пречки за испорака, стоката останува осигурена уште 15 дена од предавањето во јавен склад.

(4) Ако превозникот ја предаде стоката во јавниот склад по налог на осигуреникот или лица за кои осигуреникот одговара или по нивна вина, осигурувањето престанува со денот на предавањето на стоката во јавниот склад, освен ако поинаку не се договори.

(5) За време на престојот на стоката во складот, истата е осигурена од опасности наведени во договорот за осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Член 10**

(1) Ако по налог на осигуреникот, односно лица кои имаат право да располагаат со стоката, патувањето биде прекинато или стоката биде на пат задржана или упатена на друго место или пак вратена во местото на отпрема, осигурувањето важи ако Друштвото за таа промена биде известено веднаш, а најдоцна 2 дена од настанува на промените во превозот, и ако осигуреникот прифати да доплати премија за осигурување.

(2) Ако Друштвото, за настанатата промена во превозот не биде известено во рокот во претходниот став, или ако осигуреникот не се согласи со доплата на премија за осигурување, осигурувањето престанува во моментот кога настанала промената во превозот.

(3) Во случаите од претходниот став, Друштвото ја задржува премијата за осигурување.

**Член 11**

Осигурувањето важи и за времето:

1. на вообичаеното задржување на стоката на пат во царинските складишта;
2. комбиниран превоз;
3. скршнување од патот или промена на превозното средство предизвикана од сообраќајни причини или по наредба на државен орган.

## 6. Осигурена вредност

**Член 12**

(1) Стоката може да се осигура на вистинската вредност или на фактурна вредност.
(2) Покрај фактурна вредност може да се осигура и износот на трошоците поврзани со стоката како што се: трошоците на превоз, царина, осигурување, шпедиција и сл.
(3) Покрај трошоците од ст. (2) може да се осигура и очекуваната добивка, но најповеќе до 20% од вредноста на стоката.

**Член 13**

(1) Ако ништо не е договорено во поглед на вредноста на стоката, се смета дека стоката е осигурена на вистинската вредност.

(2) Вистинската вредност на стоката се утврдува на основа на вредностите на стоката во местото на отпремата, а во време на предавањето на истата во превоз.

(3) Се смета дека стоката е осигурена на нејзината стварна вредност ако е осигурена фактурната вредност на стоката со трошоците и добивката, која по овие

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Услови може да се осигура.

(4) Ако вредноста на стоката во договорот за осигурување е утврдена (таксирана), се смета дека стоката е осигурена на вистинската вредност (договорна).

## III. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

### 1. Склучување на договор

#### Член 14

(1) Договор за осигурување се склучува врз основа на понуда за осигурување на осигуреникот или договорувачот на осигурување.

Понуда за осигурување може да даде усмено или писмено.

(2) Понудата за осигурување со која се бара осигурување на стоката треба да содржи: вид и количество на стоката, ознака на стоката, тежина на стоката, вид, колети, ризици од кои се бара осигурување, како и релација на превозот.

(3) Договорот за осигурување може да се склучи и тогаш кога осигуреникот во понудата го означи само видот и количината на стоката, превозното средство, место на отпрема и одредишно место, ризици од кои се бара осигурување и износ на кој се бара осигурувањето, со тоа што за останатите податоци да го извести Друштвото, дополнително во договорениот рок.

(4) Ако осигуреникот не го извести Друштвото во смисла на претходниот став за податоците од став (1), се смета дека договорот за осигурување не е ни заклучен.

#### Член 15

(1) Понудата за осигурување Друштвото може да ја одбие или прифати.

(2) Се смета дека Друштвото понудата за осигурување која е доставена усмено ја има одбиено, ако веднаш ја нема прифатено.

(3) Ако Друштвото не одговори на писмената понуда во рок од 48 часа, кој според нормалниот тек на работите е потребен за одговор, се смета дека понудата за осигурување е прифатена.

#### Член 16

Договорот за осигурување е склучен кога Друштвото ќе ја прифати понудата за осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**2. Премија за осигурувањето**

**Член 17**

(1) Осигуреникот е должен да ја плати премијата за осигурување веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од заклучувањето на договорот за осигурување, доколку поинаку не е договорено.

(2) Премија за осигурување за осигуреникот може да плати секое друго лице кое има имотно-правен интерес договорот за осигурување да остане во сила.

(3) Денот на уплата на премијата за осигурување преку пошта или со налог за примање се смета како ден на уплата извршена во Друштвото.

**Член 18**

Ако осигуреникот не ја плати премијата за осигурување, а дојде до остварување на некоја од осигурените опасности, Друштвото може да го одбие осигуреникот од надомест на штета.

**3. Утврдување и плаќање на штети**

**Член 19**

(1) Оштетното барање за обесштетување по основ на осигурување се поднесува писмено.

(2) Ако превозникот одбие да учествува во утврдувањето на штетата, осигуреникот е должен да превземе мерки поради обезбедување на докази од кои ќе се види дека штетата настанала за време на осигуреното патување, и за тоа да го извести Друштвото ако штетата го минува износот од 100 ЕУР.

(3) Се претпоставува дека осигуреникот ја има примено стоката неоштетена, ако не постапил по одредбите од претходните ставови.

**Член 20**

(1) Оштетното барање за обесштетување по основ на осигурување се поднесува писмено.

(2) Кон барањето се приложува: полиса за осигурување (оригинал), оригинален превозен документ, записник за утврдување на штетата, фактура за осигурената стока, или друг доказ за вредноста на стоката и други докази за платените споредни трошоци во врска со стоката (чл. 12, ст. (2) од овие Услови) ако зависните трошоци се осигурани, како и други докази за причината и висината на настанатата штета.

(3) Со поднесување на оштетното барање, осигуреникот на Друштвото доставува и документ за пренос на своите права кои ги има спрема лицата одговорни за штетата

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

(цесија).

**Член 21**

(1) Друштвото е должно на осигуреникот да му ја надомести вистинската штета за стоката, но најмногу до осигурената вредност на истата.

(2) Ако осигурената вредност на стоката, односно и добивката е помала од вистинската вредност, односно висината на добивката која може да се осигура, Друштвото, на осигуреникот ќе му надомести штета која одговара на односот помеѓу осигурената вредност и вредноста која можела да се осигурува, но најмногу до осигурената вредност.

(3) Осигурената вредност претставува максимална граница на обврската на Друштвото кон осигуреникот.

**Член 22**

(1) Кај хартиите од вредност, штедни книшки, меници, чекови и други вредносни ствари кои можат да се огласат како неважечки, Друштвото како штета ќе надомести трошоци за тоа осигурување.

(2) Ако е остварена наплата на некои од вредностите наведени во претходниот став, или осигуреникот поради нивното огласување за неважечки има претрпено некаква штета, Друштвото, на осигуреникот ќе му ја надомести вистинската штета до осигурениот износ.

**Член 23**

(1) Ако е договорена интегрална или одбитна франшиза, Друштвото ќе надомести дел од штетата која го минува износот на франшизата.

(2) Ако осигурената стока редовно, по своите природни особини губи на тежина (калира), Друштвото, на осигуреникот ќе му надомести штета која го минува износот на редовниот кусок, а до осигурениот износ, ако поинаку не е договорено.

**Член 24**

(1) Друштвото, на осигуреникот покрај надоместокот за кусок или оштетување на стоката, ќе му ги надомести и свесно направените трошоци за спасување на стоката.

(2) Ако осигурената вредност на стоката не одговара на вистинската вредност на стоката, Друштвото трошоците од претходниот став ќе ги надомести во сразмер кој одговара на односот помеѓу осигурената и вистинската вредност на стоката.

**Член 25**

(1) Друштвото не е во обврска на осигуреникот да му надомести штета:

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

1. ако релацијата или превозното средство не одговара на наодите содржани во договорот за осигурување;

2. ако осигуреникот ги има прикриено или неточно прикажано околностите кои се од интерес за оцена на ризикот;

3. Друштвото не е обврзано на осигуреникот да му надомести штета која на осигурената стока ќе настане поради пропуст од страна на осигуреникот, да превземе мерки како не би дошло до штетните последици.

**Член 26**

Обврската на Друштвото да изврши исплата на оштетата доспева во рок од 15 дена од денот на приемот на доказните документи потребни за утврдување на обврската на Друштвото по договорот за осигурување.

## 4. Пренесување на правата од осигурување

**Член 27**

Осигуреникот може, ако Друштвото со тоа се сложи, своите права од договорот за осигурување да ги пренесе на други лица.

## 5. Право на регрес

**Член 28**

(1) Со исплата на штетата, во границата на исплатената штета, правото кое осигуреникот го има спрема лицата одговорни за штетата, преминува на Друштвото.

(2) Осигуреникот е должен да ги превземе сите мерки како би се зачувало правото за регрес кон Друштвото.

(3) Друштвото може, ако осигуреникот пропушти да превземе мерки од претходниот став, да го одбие осигуреникот од надоместок на штетата.

## 6. Престанок на договорот

**Член 29**

(1) Договорот за осигурување престанува кога е тоа договорено или со важечките прописи.

(2) Отказниот рок за престанок на договорот по отказ, изнесува три месеци, ако поинаку не е договорено.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## 7. Надлежност на судот

### Член 30

Во случај на спор, надлежен е судот според седиштето на Друштвото.

## 8. Посебни услови

### Член 31

Овие услови се применуваат ако нешто поинаку не е договорено во договорот за осигурување.